Стопанска интересна заедница на опера
на кабелска мрежа МК НЕТ
Бр. 0306/365
07.05 2013 год.
СКОПЈЕ

# СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ОПЕРАТОРИ НА КАБЕЛСКА МРЕЖА МК НЕТ СКОПЈЕ

Ул.Народен фронт бр.19 -а ,ТЦ Беверли Хилс лок бр.1кат1 тел+ 38976578449

**До**
**Министерство за информатичко општество и администрација на Р.Македонија**
**Ул.Мито Хаџи-Василев Јасмин бб Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Мислење по Нацрт работна верзија на Закон за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ОД:Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ-Скопје, ул.Народен фронт бр. 19-а,ТЦ Беверли Хилс лок.1 кат 1**

Почитувани,

Ви се заблагодаруваме на укажаната можност да дадеме свои мислења и предлози во донесувањето на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги.
Во врска со Нацрт работната верзија на Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги од наша страна имаме оделни забелешки и сугестии.Според член15 став 13 операторот кој што реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори кој што ги склучува со своите претплатници да го наведе и програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува, а за кои има издадено потврда за регистрација од страна на Агенцијата.Од наша страна сметаме дека при склучувањето на претплатничките договори со своите претплатници во самиот претплатнички договор потребно да стои моментален програмски пакет во кој што ќе бидат наведени програмските сервиси за кои што во тој момент имаат издадено потврда за регистрација од страна на Агенцијата.Со самото ова операторите ќе бидат во можност да извршат дополнување или замена на програмските сервиси се со цел подобрување на понудата која што ја нудат на своите претплатници.
Според член 116 став 2 во врска со годишниот надоместок за надзор кој што го врши агенцијата и побарувачката од 0,5 % од вкупниот годишен приход на операторот, односно надоместок остварен со реемитување на програмски сервис, Ве известуваме дека операторите овој надоместок заедно со надоместок од останатите услуги кои го нудат на своите корисници ( интернет и телефонија ) им го плаќаат на Агенцијата за електронски комуникации.Сметаме дека Агенцијата за медиуми иаудиовизуелни медиумски услуги овој надоместок потребно е да го побара од Агенцијата за електронски комуникации или пак операторите побарувачката од 0,5 % од вкупниот годишен приход на операторот остварен со реемитување на програмски сервиси да го плаќаат на Агенцијата за медиуми и 0,5 % од вкупниот годишен приход на операторот остварен од интернетот телефонијата и останатите услуги да го плаќаат на Агенцијата за електронски комуникации.Со ова операторите за иста услуга која што ја нудат нема да бидат принудени да ја плаќаат двапати на две различни Агенции.

Се надеваме дека нашите размислувања ќе бидат сериозно разгледани и истите ќе се најдат имплементирани во Законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со почит

Скопје 07.05.2013 год

За СИЗ МК НЕТ-Скопје

Дејан Јорданов